**ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПРВАТА ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ИСЕЛЕНИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ**

Агенцијата за иселеништво на 20 и 21 јули ја организира Првата годишна конференција на иселеничките организации на која зедоа учество преку педесетина претставници од над 40-тина иселенички организации од Австралија, Канада, САД и од 12 држави од Европа.

На дводневната конференција се дискутираше на повеќе круцијални теми и иселеничките организации ги донесоа следните заклучоци:

1. ТЕМА: **УЧЕЊЕТО И НЕГУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК- ЗАЧУВУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ**

   ЗАКЛУЧОЦИ:

- Учење и негување на македонскиот јазик е основа за зачувување на македонскиот идентитет.
- Иселеничките организации треба да превземат активности за поттикнување на изучување на македонскиот јазик, посебно од страна на најмладите .
- Иселеничките организации активно да влијаат на своите членови за говорење на македонскиот јазик во нивните семејства.

2. ТЕМА**: НЕГУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА – ЗАЧУВУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ**

   ЗАКЛУЧОЦИ

- Негување на македонската култура и традиција е основа за зачувување на македонскиот идентитет.

- Иселеничките организации ќе превземат активности за поттикнување на негувањето на македонската култура, традиции, обичаи и фолклор од страна на своите членови.

3. ТЕМА: **МОЖНОСТИ И ПОСТАПКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ДРЖАВЈАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

   ЗАКЛУЧОЦИ:

- Иселеничките организации во соработка со Агенцијата за иселеништво да превземат активности за афирмирање на државјанството на Република Македонија и потикнување на иселениците од Македонија кои немаат државјанство на Република Македонија да поднесуваат барања за стекнување со македонско државјанство.

- Агенцијата за иселеништво во соработка со Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи, како надлежни органи секој во својот дел да превземат активности за скратување и олеснување на постапката за стекнување со државјанство на Република Македонија, за иселениците по потекло од Македонија.

## 4. ТЕМА : ОСТВАРУВАЊЕ НА ИЗБИРАЧКО ПРАВО (право на глас)

ЗАКЛУЧОЦИ:

- Се поздравува законското решение и можноста иселениците од Македонија да го остварат своето активно и пасивно избирачко право во местото на привремено живеење, односно во Дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија во странство.

- Иселеничките организации да превземат активности за анимирање на иселениците од Македонија во средините во кои живеат за помасовно учество во изборниот процес за следните избори за претседател на Републиката и за избор на пратеници на Собранието на Република Македонија.

- Се истакнува потреба од измени на законската регулатива за избирачкото право, со проширување на избирачките места во државите со голема територија и поголема одалеченост од гласачкото место, како и концентрација на поголем број на иселеници, а воедно да се разгледа можноста за електронско гласање и гласање по пошта.

- Да се иницира промена на законската регулатива во дефинирањето на поимот **државјани на Република Македонија на привремена работа или престој во странство,** да се избришат зборовите „кои имаат пријавено последно живеалиште во Република Македонија„.

## 5. ТЕМА: ДОГОВОР ЗА АКТИВНОСТИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЦИ

ЗАКЛУЧОЦИ:

- Иселеничките организации да преземат активности, при изјаснувањето на иселениците од Македонија на пописите во земјите каде живеат, како земја на потекло да ја наведат Македонија, јазик што се говори дома да наведат македонски, етничка припадност македонска (за етничките Македонци)

- Република Македонија да преземе дипломатски активности кон државите на ЕУ каде се вршат административни пописи, да биде укината ознаката „потекло од СФРЈ".

## 6. ТЕМА: УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВРСКИТЕ СО ИСЕЛЕНИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

ЗАКЛУЧОЦИ:

- Иселеничките организации да ја известат Агенцијата за иселеништво за секоја промена на контакт податоците, вклучувајќи ги промените и во раководството на организацијата

- Иселеничките организации да ја информираат Агенцијата за иселеништво за нивните активности, со цел со истите да бидат запознати иселениците во сите земји и граѓаните на Република Македонија.